# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 31 Март 2006 година<br>Службен гласник број 3<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
| --- | --- | --- |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ - ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Финансискиот план на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/1
31.03.2006 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Финансискиот план на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2006 година

1. Се усвојува Финансискиот план на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2006 година.
2. Решението да се достави до Градоначалникот, ЈКП "Комуналец" - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.
3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/6
23.03.2006 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ"- ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/2
31.03.2006 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Оперативниот план за работа на ЈКП "Комуналец" - Прилеп во 2006 година

1. Се усвојува Оперативниот план за работа на ЈКП "Комуналец" - Прилеп во 2006 година.

2. Решението да се достави до Градоначалникот, ЈКП "Комуналец" - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН НА ДООЕЛ "ТЕРМИНАЛ - КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Оперативниот план на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" - Прилеп за 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Оперативниот план за работа на дооел "Терминал - Комуналец" - Прилеп во 2006 година

1. Се усвојува Оперативниот план на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" - Прилеп во 2005 година.

2. Решението да се достави до Градоначалникот, ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДООЕЛ "ТЕРМИНАЛ - КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на финансискиот план за работа на дооел "Терминал - Комуналец" - Прилеп за 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Финансискиот план на ДООЕЛ "Терминал -Комуналец" - Прилеп за 2006 година

1. Се усвојува Финансискиот план на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" - Прилеп за 2006 година.

2. Решението да се достави до Градоначалникот, ДООЕЛ "Терминал-Комуналец" - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈРП НА ЛОКАЛНО НИВО ЦПРТВ ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1.Решението за усвојување на Програмата за работа на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ Прилеп за 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Програмата за работа на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ - Прилеп во 2006 година

1. Се усвојува Програмата за работа на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ - Прилеп во 2006 година.
2. Решението да се достави до Градоначалникот, ЈРП на локално ниво ЦПРТВ - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.
3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА УСЛУГИ НА ЈРП НА ЛОКАЛНО НИВО ЦПРТВ ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Ценовникот за услуги на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Ценовникот за вршење на услуги на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ - Прилеп

1. Се дава согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Ценовникот за вршење на услуги на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ - Прилеп, број 0206-12/8 од 06.02.2006 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 годи. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА НАСТАНАТИ ПОЖАРИ ВО ТЕКОТ НА 2005 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Извештајот за настанати пожари во текот на 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за усвојување на Извештајот за настанати пожари во текот на 2005 година

1. Се усвојува Извештајот за настанати пожари во текот на 2005 година.

2. Решението да се достави до Градоначалникот, ТППЕ - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ТППЕ - ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Програмата за работа на ТППЕ - Прилеп за 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Програмата за работа на ТППЕ - Прилеп за 2006 година

1. Се усвојува Програмата за работа на ТППЕ - Прилеп за 2006 година.

2. Решението да се достави до Градоначалникот, ТППЕ - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ТППЕ - ПРИЛЕП ВО 2006 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишниот план за стручно оспособување и усовршување на работниците во ТППЕ - Прилеп во 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишен план за стручно оспособување и усовршување на работниците во ТППЕ - Прилеп во 2006 година

1. Се усвојува Годишниот план за стручно оспособување и усовршување на работниците во ТППЕ - Прилеп во 2006 година.

2. Решението да се достави до Градоначалникот, ТППЕ - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ЗА НОЌЕН БАР, КАБАРЕ, ДИСКО КЛУБ И ДИСКО КЛУБ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР**

1. Одлуката за определување на висината на надоместокот за давање услуги за ноќен бар, кабаре, диско клуб и диско клуб на отворен простор, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/10 — ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2004) и член 26 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за определувањед на висината на надоместок за давање на услуги на кабаре, ноќен бар,дискоклуб и дискоклуб на отворен простор

Член 1

За добивање на лиценцата за угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор , угостителот е должен да плати надоместок за давање услуги за:

- кабаре - во денарска противвредност од 3.000 ЕВРА;

- ноќен бар - во денарска противвредност од 5.000 и

- дискоклуб и дискоклуб на отворен простор - во денарска противвредност од 7.500 ЕВРА.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член 50% се уплатува на сметка на општината, а 50% се уплатува во Буџетот на Република Македонија во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/15 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 13 УРБАН БЛОК 13, УРБАН МОДУЛ 2 ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 13 урбан блок 13, урбан модул 2 во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/ 11 — ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 23.03.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**

за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр.13-урбан блок 13 урбан модул 2 во Прилеп

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.13,урбан блок 13 модул 2 во Прилеп,(во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

Планот ги опфаќа следните граници:ул."Сотка Ѓорѓиоски",ул. "Моша Пијаде", ул."Скопска" и ул."Орде Чопела" во површина од 0,62 ха.

Член 2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-Извод од Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Прилеп за 2004г., каде е предвиден планот што се изработува.

- Нацрт План изработен од ДООЕЛ"Перкан Проект"Прилеп.

-Стручна ревизија на Нацрт Планот изготвена од "ИН-ПУМА"-Скопје, со техн.бр.86/2004 од Јуни 2004г.

-Одговор на стручната ревизија од изготвувачот на планот од Јуни 2004г.

-Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски бр.13-7937 од 20.07.2004г.
-Одлука за организирање на јавна анкета по Нацрт Планот, бр.08-1349/1 од 18.10.2004г.
-Соопштение за јавна анкета од 20.10.2004г.,објавено во печатен медиум "Утрински Весник";
-Извештај од спроведената јавна анкета и стручна консултација по Нацрт Планот бр.24-222/16 од 16.11.2004г.
-Известување за постапување по извештајот бр.24-1106/2 од 28.06.2005г.
-Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.13-14842 од 24.11.2005г.
-Комплетен примерок од Предлог Планот кој содржи:

**Општ дел**

1.Насловна страна;
2.Содржина;
3.Регистрација на фирмата;
4.Овластување на фирмата за изработка на УП;
5.Лиценца на носител на проектот;
6.Соработници при изработка на проектот;

**ПЛАНСКИ РАЗВОЈ**

**Текстуален дел**

1.Образложение на планираната состојба;
-Намена на површини
-Површини за градба и висински план
-Урбани санациони мерки
-Биланс на површините во планираната состојба
2.Сообраќаен план
-Постојна состојба
-Планирана состојба
-Урбанистичко-архитектонски услови
3.Параметри за уредување на просторот
-3.1.Насоки за уредување;
-3.2.Организација по намени;
-3.3.Заштита на животната средина;
-3.4.Сообраќајни услови;
-3.5.Уредување на просторотинфраструктурно;
-3.6.Услови за изградба на терцијален сектор;
-3.7.Отстранување на градежен шут;
-3.8.Зелени површини и елементи за заштита на животната средина.

**Текстуален дел**

**1.Инфраструктура**

**2.Синтезен план**

-**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА:**

1.Вовед;
2.Програмска задача;
3.Извод од ГУП;
4.Анализа на постојната состојба;

**Графички дел**

1.Извод од ГУП на град Прилеп М=1:5000;
2.Извод од ДУП на УБ 13 на град Прилеп М=1:1000;
3.Инветаризација на постоен градежен фонд (постојна состојба) М=1:500 (ажурирана)

Член 3

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.
Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

Член 4

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 5

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

Член 6

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 456/16
23.03.2006 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 15 УРБАН БЛОК 15/1 У РБАН МОДУЛ 4 ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 15 урбан блок 15/1 урбан модул 4 во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -607/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 23.03.2006донесе:

**О Д Л У К А**

за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр.15-урбан блок 15/1 урбан модул 4 во Прилеп

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.15,урбан блок 15/1 модул 4 во Прилеп,(во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот:ул."Битолска",ул."Лазо Филипоски",ул."Кире Гаврилоски" и ул."Цане Коњаред", во површина од 1,70 ха.

Член 2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-Извод од Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Прилеп за 2005г., каде е предвиден планот што се изработува.

-Предлог План бр.1/1 од ДООЕЛ"Перкан Проект" Прилеп.

-Стручна ревизија на Нацрт Планот изготвена од АД"ЗУАС"-Скопје од Февруари 2005г.

-Одговор на стручната ревизија од изготвувачот на планот од Февруари 2005г.

-Стручно мислење од Министерството за трансп
орт и врски бр.13-1211 од 14.03.2005г.

-Записник за утврдување на Нацрт планот бр.14-125/10 од 18.05.2005г;

-Заклучок со кој Нацрт планот се доставува до Градоначалникот, бр.24-125/11 од 18.05.2005г;

-Одлука за организирање на јавна анкета по Нацрт Планот, бр.08-745/1 од 19.05.2005г.

-Соопштение за јавна анкета од 26.05.2005г.,објавено во печатен медиум "Дневник".

-Записник од одржана стручна консултација бр.24-125/14; 24-125/12 и 24-156/14 од 15.06.2005г.

-Извештај од спроведена јавна анкета по Нацрт Планот бр.24-125/14 од 30.11.2005г.

-Известување за постапување по извештајот бр.24-125/16 од 07.12.2005г.

-Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.13-17924 од 13.01.2006г.

-Комплетен примерок од Предлог Планот бр.12/2005 изработен од ДООЕЛ"Перкан проект"Прилеп, кој содржи:

**Општ дел**

1.Регистрација на проектанската организација;

2.Лиценца за носител на изработување на урбанистички планови

3.Проектанти кои учествуваат при изработката на ДУП

**Текстуален дел**

4.Планиран развој

5.Параметри;

6.Документациона основа:

**Графички дел-планиран развој**

1.Синтезен графички план М=1:1000

2.Инфраструктура М=1:1000

-Сообраќаен и нивелационен план

-Електроенергетска и хигротехничка инфраструктура

**Графички дел-документациона основа**

1.Извод од ГУП М=1:2500

2.Ажурирана геодетска подлога М=1:1000

3.Извод од ДУП М=1:1000

4.Валоризација на објектиМ=1:1000

Член 3

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

Член 4

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење,

како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член5

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

Член 6

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 456/17   ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год.   на Советот на Општина Прилеп
Прилеп   Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОМОШ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА САНИРАЊЕ НА ШТЕТИ ОД ПОЖАР НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**

1. Одлуката за доделување на помош на Општина Радовиш за санирање на штети од пожар на основните училишта, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/13_   ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година   на Општина Прилеп
Прилеп   Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за доделување на помош на Општина Радовиш за санирање на штетите од пожарот на основните училишта

Член 1

Со оваа Одлука се доделува помош на Општина Радовиш за санирање на штетите од пожарот на основните училишта.

Член 2

Помошта за санирање на штетите од пожарот на основните училишта се определува во износ од 50.000,оо денари.

Член 3

Средствата ќе се исплатат од Буџетот на Општина Прилеп од Програмата - Градоначалник,потпрограма 41 - Резерви недефинирани расходи, категорија 41412 - Постојана резерва (непредвидливи расходи)

Член 4

Одлуката да се достави до Градоначалникот, Сектрот за финансии и Буџет и архивата на Општина Прилеп.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/18   ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год.   на Советот на Општина Прилеп
Прилеп   Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАПОМОШ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА САНИРАЊЕНА ШТЕТИТЕ ОД ПОПЛАВИТЕ**

1. Олуката за доделување на помош на Општина Кривогаштани за санирање на штетите од поплавите , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/14   ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година   на Општина Прилеп
Прилеп   Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за доделување на помош на Општина Кривогаштани за санирање на штетите од поплавите

Член 1

Со оваа Одлука се доделува помош на Општина Кривогаштани за санирање на штетите од поплавите.

Член 2

Помошта за санирање на штетите од поплавите во Општина Кривогаштани се определува во износ од 50.000,оо денари.

Член 3

Средствата ќе се исплатат од Буџетот на Општина Прилеп од Програмата -

Градоначалникот, потпрограма 41 - Резерви недефинирани расходи, категорија 41412 - Постојана резерва (непредвидливи расходи).

Член 4

Одлуката да се достави до Градоначалникот, Сектрот за финансии и Буџет и архивата на Општина Прилеп.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА**

1. Решението за формирање Комисија за месна самоуправа, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 44 став 1 Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за избор на Комисија за месна самоуправа

1. Со ова Решение се избира Комисија за месна самоуправа, во состав:
- СЛАВЕ НАУМОСКИ, претседател
- СТЕВКА САМАРЏИСКА, член
- ДАРКО КРСТЕСКИ, член
- ПАНЧЕ ДАМЕСКИ, член
- МАРЕ АНДРЕЕСКА, член.

2. Решението да се достави до именованите, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Пазари" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Пазари"- П р и л е п**

1. Со ова Решение ДРАГАН ВЕЛЕСКИ се разрешува од член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Пазари" - Прилеп, именуван со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 9/2005).

2. За член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Пазари", се именува:
- ЖИВКО ЛИДЕВ, дип.екон.

3. Решението да се достави до именованите, ЈКП "Пазари", Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член  50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Завршната сметка на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2005 година , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/17  
31.03.2006 година  
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК  
на Општина Прилеп  
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Завршната сметка на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2005 година

1. Се усвојува Завршната сметка на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2006 година.
2. Решението да се достави до Градоначалникот, ЈКП "Пазари" - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.
3. Решението ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 456/22  
23.03.2006 год.  
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ  
на Советот на Општина Прилеп  
Оливер Деркоски

Врз основа на член  50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ЈРП ЦПРТВ - ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Завршната сметка на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп за 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -607/18  
31.03.2006 година  
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК  
на Општина Прилеп  
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Завршната сметка на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ - Прилеп за 2005 година

1. Се усвојува Завршната сметка на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ - Прилеп во 2006 година.
2. Решението да се достави до Градоначалникот, ЈРП на локално ниво ЦПРТВ - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.
3. Решението ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 456/23  
23.03.2006 год.  
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ  
на Советот на Општина Прилеп  
Оливер Деркоски

Врз основа на член  50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТНИ СРЕДСТВА НА ЈРП ЦПРТВ - ПРИЛЕП ЗА НАБАВКА НА ОПРЕМА**

1. Одлуката за доделување на интервентни средства на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп за набавка на опрема, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/19  
31.03.2006 година  
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК  
на Општина Прилеп  
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03. 2006 година, претресувајќи го обновеното Барање за одобрување интервентни средства за набавка на опрема на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп, донесе:

**О Д Л У К А**

за доделување на интервентни средствана ЈРП "ЦПРТВ" Прилеп за набавка на опрема

Член 1

Се доделуваат интервентни средства за набавка на опрема на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп во износ од 310.000,оо денари.

Член 2

Средствата да се исплатат од средствата за резерви на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година.

Член 3

Одлуката да се достави до Градоначалникот, ЈРП ЦПРТВ - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

Член 4

Одлуката ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2006 ГОДИНА ЗА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за дополнување на Програмата за урбанистички планови за 2006 година за Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ"бр.51/), и член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен .весник на РМ"бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за дополнување на Програмата за урбанистички планови за 2006 година за Општина Прилеп

Член 1

Во Програмата за урбанистички планови за 2006 година за Општина Прилеп по точка 22 во делот Б. Детални урбанистички планови се додаваат четири нови точки: 23, 24, 25 и 26, кои гласат:

"23. Измена и дополнување на ДУП за УАЕ број 9/2 - дел, ДУП за УАЕ број 8/2-дел и ДУП за УАЕ 13-дел (уредување на река "Ореовечка" од улица "Димо Наредникот"),

24. Измена и дополнување на ДУП за УАЕ број 2/2, ум 1 Ветеринарна станица,

25. Измена и дополнување на ДУП за УАЕ број 9/1, ум 3 и 4.

26. Измена и дополнување на ДУП за УАЕ број 9, урбан блок 9/1 (Градски пазар и ул."Борка Талески")."

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ КРИТЕТИУМИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСТАТА-ЛОКАЦИИТЕ НА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ ТРГОВСКА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ**

1. Одлуката за утврдување на посебни критетиуми за определување на местата - локациите на кои може да се врши

трговска дејност од мал обем, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), чл.9 од Уредбата за трговските дејности од мал обем и начинот на нивната регистрација ("Сл.весник на РМ"бр.64/05) и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за утврдување на посебни критериуми за определување на местата-локациите на кои може да се врши трговска дејност од мал обем

Член 1

Со оваа Одлука се утвдуваат посебните критериуми кои треба да се имаат предвид при определувањето на местата-локациите каде што може да се врши трговска дејност од мал обем.

Член 2

1)Место-локација не смее да се определува на плоштад или пред излог на деловен објект во кој што се врши иста или слична дејност.

2)Локација не смее да се определува на растојание:помало од 4 метри од влез на станбен или деловен простор, помало од 10 метри од пешачки премин.

3)Определувањето на местото-локација не треба да го загрозува слободното движење на пешаците на тротоарите и други патеки за движење на пешаците.

4)Местата-локациите не смеат да се определуваат на простори определени за велосипедисти и слично.

5)Места-локација не смее да се определува на простор определен за пристап на хендикепирани лица, односно лица со посебни потреби, ниту пак во радиус од 2,5 м. од тој пристапен простор.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 456/ 26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЛОКАЦИЈАТА НА КОЈА СЕ ВРШИ ТРГОВСКА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ**

1. Одлуката за начинот на користење на локацијата на која се врши трговска дејност од мал обем, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), чл.14 од Уредбата за трговските дејности од мал обем и начинот на нивната регистрација ("Сл.весник на РМ"бр.64/05) и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за начинот на користење на локацијата на која се врши трговска дејност од мал обем

Член 1

На определеното место-локација за вршење на трговска дејност од мал обем се поставуваат тезги.

Тезгите ќе бидат поставени две по две (2х2) прилепени на растојание од еден метар (1м).

Член 2

Тезгите на локациите на ул."Јане Сандански" се унифицирани, со зелена боја, со висина од 2,5м.и истите се статични.

Тезгите на локациите на ул."Ристо Стојаноски"се во жолта боја, со висина од 2,5м.и истите се подвижни.

Начинот на користење на тезгите поставени во Градскиот Пазар и Зелениот Пазар во "Точила" се одредува со Одлука на ЈКП"Пазари".

Член 3

На определена локација, каде што тезгите се подвижни,истите треба да бидат лесни за отстранување.Тие треба да бидат отстранети веднаш по завршување на работното време.

Доколку вршителот на дејноста не ја отстрани истата, тоа ќе го направи Општината на товар на вршителот на дејноста.

На определени места, каде што тезгите се статични,вршителот на дејноста има обврска соодветно да ја покрие, да не се нарушува изгледот на просторот околу тезгата.

Член 4

Во текот на работното време и по завршувањето на работното време, вршителите на дејност просторот го одржуваат да биде чист, го отстрануваат отпадот што произлегува од нивните дејности на просторот на локацијата и околу неа, на места определени за тоа (контејнери за ѓубре поставени од надлежен орган) и другите отпади (пр:вода,снежни наноси и сл.).

Член 6

1.Доколку вршителот користи опрема за греење(греалки,скара) треба да биде поставена на начин на кој ќе се обезбеди максимална безбедност на луѓето.

2.Сите апарати за снабдување,приклучок со електрична енергија, треба да бидат претходно одобрени.

3.Сите електрични кабли кои што се наоѓаат на премин треба да имаат миниму (4,5м.)дозволено од површината на патеката за одење и (4,5) од површината на патеката за носење на стока.

4.Ако се користат мобилни електрични генератори, тие треба да бидат поставени на начин на кој:

а) нема да претставуваат опасност за луѓето кои поминуваат;

б) нема да предизвикаат пожар на тезгата или стоката која што е изложена;

в) нема да предизвика бучава или непријатна миризба;

г) запалливото гориво ќе се чува вон тезгата во огноотпорен контејнер.

5.Сите електрични жици и компоненти треба да ги исполнуваат основните електрични норми и треба да бидат заземјени и изолирани соодветно.Електричната енергија треба да се користи само за осветлување и за работа на електричните ваги,или за други договорени услуги.

6.Електричните кутии кои ги снабдуваат трговците со електрична енергија не смеат да ја надминат максималната волтажа.

Член 6

Вршителот на дејноста е должен легитимацијата да ја истакни на видно место на тезгата.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Прилеп”.

Број 07 - 456/27 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛОКАЦИЈАТА ЗАВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ

1. Одлуката за определување надоместок за користење на локацијата за вршење на дејност од мал обем, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02), чл.10 од Уредбата за трговските дејности од мал обем и начинот на нивната регистрација (“Сл.весник на РМ”бр.64/05) и чл.26 од Статутот на општина Прилеп (“Сл.гласник на општина Прилеп”бр.6/03), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 23.06.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
за определување на паричниот надоместок за користење на локацијата на која се врши трговска дејност од мал обем

Чл.1

Со оваа Одлука се определува височината на паричниот надоместок за користење на местото-локација од страна на вршителите на трговска дејност од мал обем.

Чл.2

Паричниот надоместок за користење на местото-локацијата од страна на вршителите на трговска дејност од мал обем се определува во висина од 15 денари по м2 на ден.

Паричниот надоместок за користење на местото-локација во пазарите со Одлука го определува ЈКП”Пазари”.

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Прилеп”.

Број 07 - 456/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ

23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ**

1. Одлуката за определување на работното време, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), чл.12 од Уредбата за трговските дејности од мал обем и начинот на нивната регистрација ("Сл.весник на РМ"бр.64/05) и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 23.03.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
за определување на работно време

Член 1
Со оваа Одлука се определува работното време во кои може да се вршат трговските дејности од мал обем на определените места-локации.

Член 2
Работното време за трговските дејности од мал обем се определува од 08,00 до 23,00 часот.

Работното време за трговски дејности од мал обем во пазарите се определува со Одлуката за работното време на ЈКП"Пазари".

Член 3
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 456/29 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДА ЗА НАЈДОБАР СПОРТИСТ НА ГОДИНАТА ЗА 2005 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за доделување награда за најдобар спортист на годината за 2005 година во Општина Прилеп , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003) , Советот на Општина Прилеп на седаницата, одржана на 23.03.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за доделување на награда за најдобар спортист на годината за 2005 година во Општина Прилеп

Член 1
Со оваа Одлука се доделува награда на најдобриот спортист на годината за 2005 година во Општина Прилеп.

Член 2
Наградата за најдобар спортист на годината во Општина Прилеп изнесува 30.000 денари.

Член 3
Одлуката да се достави до архивата, благајната и Градоначалникот на Општина Прилеп, заради нејзино спроведување.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп

("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН НА КОМИСИЈАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

1. Заклучокот за усвојување на Локалниот акционен план на Комисијата за родова еднаквост, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/26 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 23.03.2006 година, расправајќи по Локалниот акционен план на Комисијата за родова еднаквост, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Акциониот план на Комисијата за родова еднаквост

1. Се усвојува Акциониот план на Комисијата за родова еднаквост.
2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Прилеп, Комисијата за родова еднаквост, и архивата на Општина Прилеп.
3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА, ВО ДЕЛОТ НА НАМЕНСКИТЕ ДОТАЦИИ**

1. Измените и дополнувања на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, во делот на наменските дотации, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/27 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст.1 т.2 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и чл.26 ст.1 т.2 од Статутот на Општина Прилеп (Сл.Гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005) , Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 27.03.2006 г. ги донесе следните:

**Измени и дополнувања на Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп за 2006 г. во делот на наменските дотации**

чл.1

Во Буџетот на Општина Прилеп за 2006 г. (Службен Гласник на Општина Прилеп бр.1/2006) , во Билансот на Приходите во делот на Наменските дотации се вршат следните измени и дополненија :

- Се отвара нова Подставка 74111-Пренесен вишок на приход од претходна година во износ од 109.194,00 д.
- На подставката 741118-Наменска дотација за активности во образованието , износот 23.222.116,оо д. се зголемува за 150.604,оо д. и изнесува 23.372.720,оо д.
- Подставката 741119-Наменската дотација за пожарникарство во износ од 14.631.052,оо д. , се намалува за 625.452,оо д. и изнесува 14.005.600,оо д.
- Вкупните измени во Билансот на Приходите со овој Ребаланс резултира со намалување на вкупните приходи за износ од 365.654,оо д. односно вкупните приходи во Буџетот за 2006 г. во износ од 290.037.488,оо д. со Ребалансот и извршеното намалување изнесуват 289.671.834,оо денари.

- Во Билансот на Расходите во делот за наменските дотации во Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп за 2006 г. , се вршат измени во следниве Подпрограми :

**Подпрограма К1-Библиотекарство**

-Подставката 426990-Други оперативни расходи износот од 23.000,оо д. се зголемува

за 242,оо д. и со Ребалансот изнесува 23.242,оо д.

**Подпрограма М2-Домови за стари лица**

-Подставката 423710-Средства за одржување на хигиена износот од 320.530,оо д. се зголемува за 493,оо д. и со Ребалансот изнесува 321.023,оо д.

**Подпрограма Н1-Основно образование**

-Подставката 423190-Други административни материјали износот од 14.000,оо д. се бриши и се носи на Подставка 425990-Други договорни услуги каде што износот од 170.000,оо д. се зголемува за 14.000,оо д. и со Ребалансот изнесува 184.000,оо д.

-Подставката 424210-Одржување на згради во износ од 697.900,оо д. се намалува за 45.000,оо д. и со Ребалансот изнесува 652.900,оо д.

-Подставката 424430-Поправака и одржување на опрема износот од 539.000,оо д. се намалува за 26.561,оо д. и со Ребалансот изнесува 512.439,оо д.

-Подставката 426990-Други оперативни расходи износот од 321.522,оо д. се зголемува за 22.974,оо д. и со Ребалансот изнесува 344.496,оо д.

**Подпрограма Н2-средно образование**

-Подставката 424110-Поправка и сервисирање на лесни возила , износот од 649.000,оо д. се намалува за 161.750,оо д. и изнесува 487.250,оо д. за кој износ се отвара нова Подставка 424210-Одржување на згради и со Ребалансот се планира износ од 487.250,оо д.

-Подставката 426990-Други оперативни расходи износот од 99.000,оо д. се зголемува за 15.195,оо д. и со Ребалансот изнесува 114.195,оо д.

**Подпрограма Н3- Превоз на Ученици**

-Подставката 442240-Превоз на ученици од основно образование во износ од 1.998.246,оо д. се зголемува за 383.914,оо д. согласно на Дописот на Министерството за финансии на РМ-Сектор за Трезор бр.08-519/1 од 05.01.2006 г. , така да вкупната наменска дотација за превоз на ученици за буџетската 2006 г. изнесува 2.382.160,оо д. , што кон овој износ го додаваме и вишокот на средства пренесен од претходна година во износ од 70.290,оо д. и за така проектираниот вкупен износ од 2.452.450,оо д. со Ребалансот отвараме нова Подставка 425760-Превозни услуги во образованието во износ од 2.452.450,оо д. , додека Подставката 442240-Превоз на ученици од основно образование ја бришеме со Ребалансот.

**Подпрограма Ђ0-Противпожарна заштита**

-Подставката 401130-Основни плати-други вработени износот 7.229.092,оо д. се намалува за 2.223.896,оо д. и со Ребалансот изнесува 5.005.196,оо д.

-Подставка 401210-Плата за прекувремена работа износот 804.483,оо д. се намалува за 198.483,оо д. и со ребалансот изнесува 606.000,оо д.

-Подставка 401220-Плата за време на празници , износот 98.451,оо д. се зголемува за 130.549,оо д. и со Ребалансот изнесува 229.000,оо д.

-Подставка 401230-Плата за работа во ноќна смена , износот од 1.164.583,оо д. се намалува за 524.583,оо д. и со Ребалансот изнесува 640.000,оо д.

-Подставка 401240-Плата за дежурства , износот 967.681,оо д. се намлува за 410.681,оо д. и со Ребалансот изнесува 557.000,оо д.

-Подставка 401290-Други додатоци на плата , износот 393.802,оо се брише ис о Ребалансот оваа Подставка не постои повеќе.

-Подставка 401310-Надомест за превоз до и од работно место во износ од 326.700,оо д. се зголемува за 39.600,оо д. и со Ребалансот изнесува 366.300,оо д.

-Подставка 401320-Надомест за храна во износ од 936.100,оо д. не се менува и со Ребалансот изнесува 936.100,оо д.

-Подставка 401510-Персонален данок од плата , износот од 590.704,оо д. се зголемува за 414.296,оо д. и со Ребалансот изнесува 1.005.000,оо д.

-Подставка 402110-Основен придонес за ПИОМ , износот 1.125.150,оо д. се зголемува за 1.375.850,оо д. и со Ребалансот изнесува 2.501.000,оо д.

-Подставката 402120-Придонес за бенефициран стаж , износот 351.661,оо д. се зголемува за 278.339,оо д. и со Ребалансот изнесува 630.000,оо д.

-Подставката 402210-Основен придонес за здравство , износот 506.318,оо д. се зголемува за 741.682,оо д. и со ребалансот изнесува 1.248.000,оо д.

Со Ребалансот се отвара нова Подставка 402220-Придонес за професионално заболување во износ од 68.020,оо д.

-Подставката 402310-Основен придонес за Агенција за вработување износот од 82.881,оо д. се зголемува за 105.903,оо д. и со Ребалансот изнесува 188.784,оо д.

-Подставката 403110-Придонес за водоснабдување износот 19.690,оо д. се

зголемува за 5.510,оо д. и со Ребалансот изнесува 25.200,оо д.

Со Ребалансот Подставката 425230-Осигурување на вработени во износ од 33.756,оо д. се брише и износот се распределува на Подставка 401130-Основни плати-други вработени .

- Вкупните измени во Билансот на Расходите со овој Ребаланс резултира со намалување на вкупните расходи за износ од 365.654,оо д. односно вкупните расходи во Буџетот за 2006 г. во износ од 290.037.488,оо д. со Ребалансот и извршеното намалување изнесуват 289.671.834,оо денари.

чл.2

Измените и дополнувањата на Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп за 2006 г. влегуваа во сила со денот на објавувањето во -Службен Гласник на Општина Прилеп-.

Број 07 - 356/32 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.03.2006 г. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ФОНДАЦИЈАТА НА ЕВРОПСКИТЕ КАРНЕВАЛСКИ ГРАДОВИ**

1.Одлуката за давање согласност за зачленување на Општина Прилеп во Фондацијата на Европските карневалски градови , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -607/28 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп ( "Сл. гласник на општина Прилеп" број 6 / 2003 и 4 / 2005 ) , Советот на Општина Прилеп на седницата оддржана на 27.03.2006 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност за зачленување на општина Прилеп во Фондацијата на Европските Карневалски Градови

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за зачленување на општина Прилеп во Фондацијата на Европските Карневалски Градови.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на општина Прилеп да го потпиши договорот за соработка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Бр.07- 456/33 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.03.2006 год. на Совет на општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ**

1. Решението за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на цените на комуналните услуги, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/29 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 27.03.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цените на комуналните услуги

1. Се дава согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цените на комуналните услуги на ЈКП "Комуналец" - Прилеп, број 02-16/1 од 27.01.2006 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/34
27.03.2006 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 13- УРБАН БЛОК 13, УРБАН МОДУЛ 4 ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 13 - урбан блок 13, урбан модул 4 во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607_/30
31.03.2006 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 27.03.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр.13-урбан блок 13 урбан модул 4 во Прилеп

Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.13,урбан блок 13 модул 4 во Прилеп,(во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот:од северозапад ул."9-ти Септември", од североисток ул."Републиканска", од југоисток ул."Моша Пијаде" од југозапад ул."Борка Талески", во површина од 1,70 ха.

Член 2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-Извод од Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Прилеп за 2004г., каде е предвиден планот што се изработува.

- Нацрт План изработен од ДООЕЛ"Перкан Проект"Прилеп.

-Стручна ревизија на Нацрт Планот изготвена од АД"ЗУАС"-Скопје од Октомври 2004г.

-Одговор на стручната ревизија од изготвувачот на планот од Октомври 2004г.

-Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски бр.13-15837 од 27.12.2004г.

-Одлука за организирање на јавна анкета по Нацрт Планот, бр.08-265/1 од 22.02.2005г.

-Соопштение за јавна анкета бр.24-17/10 од 22.02.2005г.,објавено во печатен медиум.

-Записник од стручна консултација по Нацрт Планот, бр.24-17/2 од 10.03.2005г.

-Извештај од јавната анкета по Нацрт Планот бр.24-17/15 од 18.10.2005г.

-Известување за постапување по извештајот бр.24-17/17 од 24.10.2005г.

-Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.13-14841 од 23.11.2005г.

-Комплетен примерок од Предлог Планот бр.42/03 изработен од ДООЕЛ"Перкан Проект"Прилеп,кој содржи:

**Општ дел**
1.Насловен лист;
2.Содржина;
3.Регистрација на проектанската организација;
4.Лиценца за носител на изработување на урбанистички планови
4.Проектанти кои учествуваат при изработката на ДУП

**Текстуален дел**
5.Планиран развој
6.Параметри;
7.Документациона основа

**Графички дел-планиран развој**
1.Синтезен графички план М=1:1000
2.Инфраструктура
М=1:1000
-Сообраќаен и нивелационен план
-Електроенергетска и хигротехничка инфраструктура

**Графички дел-документациона основа**
1.Извод од ГУП М=1:2500
2.Ажурирана геодетска подлога М=1:1000
3. Извод од ДУП М=1:1000
3.Извод од ДУП М=1:1000

4.Валоризација на објекти M=1:1000

Член 3

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

Член 4

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 5

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

Член 6

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 - 456/35 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.03.2006 год. на Советот на општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСТА - ЛОКАЦИИ КАДЕ ШТО МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ ТРГОВСКА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ**

1. Одлуката за определување на места - локации каде што може да се врши трговска дејност од мал обем, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/31 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02), чл.9 од Уредбата за трговските дејности од мал обем и начинот на нивната регистрација (“Сл.весник на РМ”бр.64/05) и чл.26 од Статутот на општина Прилеп (“Сл.гласник на општина Прилеп”бр.6/03), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 27.03.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за определување на места-локации каде што може да се врши трговска дејност од мал обем

Чл.1

Со оваа Одлука се определуваат места- локации каде што може да се врши трговска дејност од мал обем.

Чл.2

Трговска дејност од мал обем може да се врши на следните места-локации:

1)На ул.”Јане Сандански”, во делот наспроти Бизнис Центарот се определуваат дванаесет (12) локации во површина од по 3,5 м2.

Локациите се обележуваат со броевите од 1-12.

2)На ул.”Ристо Стојаноски”, во просторот од Градскиот саат до Чарши Џамија се определуваат 7 локации со површина од по 3,5м2.

3)Во Градскиот Пазар и Зелен Пазар во “Точила” се определуваат локации по Одлука на ЈКП”Пазари”.

4)На тротоарите од двете страни на Бул.”Гоце Делчев” ќе се врши трговска дејност од мал обем во движење.

Чл.3

Определените места-локации од чл.2 на оваа Одлука да се објават преку средствата за јавно информирање и на огласната табла на Општина Прилеп.

Чл.4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Прилеп”.

Број 07 - 456/36 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДОБРЕНИЈА И СОГЛАСНОСТИ СО ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР**

1. Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за одобренија и согласности со вршење на надзор, сеобјавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/32 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 96 ст.1 точка 5, 6 и 7, член 104 и 112 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр.26/96, 40/99, 96/2000, 29/2002 и 68/2004), а во врска со член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 27.03.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За утврдување на висина на надоместокот за одобренија и согласности со вршење на надзор

Член 1
Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за одобренија и согласности со вршење на надзор.

Член 2
Единечни цени се формираат со калкулација која ги содржи следните елементи: увид на лице место, плус бројот одење на лице место помножена со единечната цена во зависност од стручното лице одредено за вршење на стручен надзор по издадена согласност или одобрение.

Во единечната цена влегуваат ефективните саати за вршење и надзор и саатите за припрема (проучување на документацијата или изработка на истата).

Искуствено е потребен следниот број на надзори за објекти:

1.Изготвување на техничка документација и надзор при монтажа за натпис покрај патот ..........................................................1 надзор
2.Полагање на инсталации покрај патот:
- за траса до 10 м ..............................1 надзор
- за траса до 100 м ............................2 надзор
- за траса до 1 км ............................ 4 надзор
-за траса поголема од 1 км .............10 надзор
3.Полагање на инсталации во улица и тротоар:
-за траса до 10 м ..............................1 надзор
-за траса до 100 м ............................2 надзор
-за траса до 1 км ............................ 4 надзор
-за траса поголема од 1 км ............10 надзор
4. Премин на инсталациите преку трупот на патот и улицата
- со бушење ......................... 2 надзор

-со прекоп ........................................4 надзор
5.Изградба на пристапни патишта
............................................... од 6 - 8 надзор
6.Изградба на автобуски постојки и паркиралишта.........................од 5 - 7 надзор
7. Изградба на објекти во заштитниот појас на патот:
А - без приклучен пат .................... 2 надзор
Б - со приклучен пат ........... од 8 - 10 надзор

За позициите под реден број 2, 3, 5, 6 и 7б, дадена е можност за извршување на месечен надзор. Цената е договорна чиј минимум не би требало да е под три надзори во месецот.

Цената за вршење на надзор на територијата на Општина Прилеп се утврдува во износ од 1.600,оо денари за еден надзор.

Член 3
Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/ 37 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.03.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОЦЕНТОТ НА НАПЛАТА НА УСЛУГИТЕ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП**

1. Заклучокот за усвојување на Информација за процентот на наплата на услугите на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 607/33 ГРАДОНАЧАЛНИК
31.03.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26

став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 27.03.2006 година, расправајќи по Информацијата за процентот на наплата на услугите на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Информацијата за процентот на наплата на услугите на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп

1. Се усвојува Информацијата за процентот на наплата на услугите на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Прилеп, ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, и архивата на Општина Прилеп.

3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 456/38
27.03.2006 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

**С О Д Р Ж И Н А**
на "Службен гласник на Општина Прилеп"
бр. 3 од 31.03.2006 година

1. Решение за усвојување на Финансискиот план на ЈКП "Комуналец - Прилеп за 2006 година. ....................**Стр.1**

2. Решение за усвојување на Оперативниот план на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2006 година....................**Стр.1**

3. Решение за усвојување на Оперативниот план на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" - Прилеп за 2006 година....................**Стр. 2**

4. Решение за усвојување на Финансискиот план за работа на ДООЕЛ "Терминал - Комуналец" - Прилеп за 2006 година. ....................**Стр. 2**

5. Решение за усвојување на Програмата за работа на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ Прилеп за 2006 година....................**Стр. 3**

6. Решение за давање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Ценовникот за услуги на ЈРП на локално ниво ЦПРТВ Прилеп. .... ....................**Стр. 3**

7. Решение за усвојување на Извештајот за настанати пожари во текот на 2005 година ............................................................................................................ ...**Стр.4**

8. Решение за усвојување на Програмата за работа на ТППЕ - Прилеп за 2006 година. . ............................................................................................................**Стр. 4**

9. Решение за усвојување на Годишниот план за стручно оспособување и усовршување на работниците во ТППЕ - Прилеп во 2006 година. .............................**Стр. 4**

10. Одлука за определување на висината на надоместокот за давање услуги за ноќен бар, кабаре, диско клуб и диско клуб на отворен простор. ............................**Стр.5**

11. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 13 урбан блок 13, урбан модул 2 во Прилеп..................................................................................**Стр. 5**

12. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 15 урбан блок 15/1 урбан модул 4 во Прилеп. ............................................................................**Стр.7**

13. Одлука за доделување на помош на Општина Радовиш за санирање на штети од пожар на основните училишта. ..............................................................................**Стр.8**

14.Олука за доделување на помош на Општина Кривогаштани за санирање на штетите од поплавите. ...................................................................................................**Стр.9**

15. Решение за формирање Комисија за месна самоуправа. .........................**Стр. 9**

16. Решение за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Пазари" - Прилеп. ...........................**Стр. 10**

17. Решение за усвојување на Завршната сметка на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2005 година ..................................................................................................................**Стр.10**

18. Решение за усвојување на Завршната сметка на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп за 2005 година ............................................................................................................ **Стр.10**

19. Одлука за доделување на интервентни средства на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп за набавка на опрема. ..................................................................................................... **Стр.11**

20. Одлука за дополнување на Програмата за урбанистички планови за 2006 година за Општина Прилеп. ........................................................................................................ **Стр.11**

21. Одлука за утврдување на посебни критетиуми за определување на местата - локациите на кои може да се врши трговска дејност од мал обем. ..........................**Стр.12**

22. Одлука за начинот на користење на локацијата на која се врши трговска дејност од мал обем. ......................................................................................................... **Стр.13**

23. Одлука за определување надоместок за користење на локацијата за вршење на дејност од мал обем.................................................................................................. **Стр.14**

24. Одлука за определување на работното време. ........................................ **Стр.14**

25. Одлука за доделување награда за најдобар спортист на годината за 2005 година во Општина Прилеп....... ................................................................................................ **Стр.15**

26. Заклучок за усвојување на Локалниот акционен план на Комисијата за родова еднаквост. .................... ........................................................................................... **Стр.15**

27. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, во делот на наменските дотации. ............................................................................................ **Стр.16**

28. Одлука за давање согласност за зачленување на Општина Прилеп во Фондацијата на Европските карневалски градови. ................................................**Стр.17**

29. Решение за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на цените на комуналните услуги. .............................. **Стр.18**

30. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 13 - урбан блок 13, урбан модул 4 во Прилеп. ......................................................................... **Стр.18**

31. Одлука за определување на места - локации каде што може да се врши трговска дејност од мал обем. ................................................................................ **Стр.20**

32. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за одобренија и согласности со вршење на надзор. ......................................................................... **Стр.20**

33. Заклучок за усвојување на Информација за процентот на наплата на услугите на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп. ...................................................... **Стр. 21**

ИЗДАВА: Општина Прилеп

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп

ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска

ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци.